# Австриски денови 2017

Напишано од Administrator
Среда, 15 Ноември 2017 09:20 -

Традиционално од 2012 г. во Република Македонија се организираат „Австриски денови“ семинар за проф. по германски јазик и литературно читање на германски јазик. Организатори се Министерството за образование на Република Австрија, Австриската служба за академска размена, Амбасадата на Република Австрија и Почесниот конзулат на Република Австрија.

Предавач на семинарот оваа година на тема „Жените во Австрија“ и „Употреба на текстови од весници во наставата по германски јазик“ е м-р Флоријан Хадерер.

Австриската писателка за деца и млади Роземари Ајхингер од Виена ќе чита од нејзиното дело „Јадат ли мртвите колачи со јагоди?“ на германски јазик.

Место на одржување НУУБ Св. Климент Охридски Битола од 09.30 до 18.00 часот.

Учеството е врз основа на претходно пријавување во Почесниот конзулат на Република Австрија во Битола 047-221-336 или 075/395-041.